**Барање 23-211/1**

Дали во периодот од ноември 2021 до декември 2022 година Општина Кавадарци има склучено договори за адвокатски услуги? Доколку има ,бара податоци за висината на месечниот хонорар и информации за склучени договори и тоа:

1.Информација колку на број, со кого и датум кога се склучени договорите

2. Список на ангажирани правни лица за адвокатски услуги

3. Одлука за ангажирање правни лица за адвокатски услуги

4. Ако е преку јавна набавка, Извештај за спроведена постапка за доделување на Договор за јавна набавка и Одлука за избор на најповолна понуда

5. Потпишан Договор за адвокатски услуги

**Одговор 23-211/2**

Општина Кавадарци во период од ноември 2021 до декември 2022 година има склучено анекс-договор на договор за адвокатска правна помош
и тоа со:

- Адвокат Емилија Шкартова Плетварска, анекс на договор од 01.12.2021 година, со месечен паушал во висина од 16.000,00 денари и анекс на договор од 15.11.2022 година, со месечен паушал во висина од 18.500,00 денари.

Согласно член 23 од Закон за Јавни набавки, Сл.Весник на РСМ бр.24/2019 година, Одредбите на Закон за Јавни набавки не се применуваат на услугите за правно застапување странки од страна на адвокати во постапка пред судовите во Република Македонија. Согласно Законот за Јавни Набавки, Општина Кавадарци нема донесено Одлука за Јавна набавка на услуга за јавно застапување.

Во прилог Ви ги испраќам анексите на договори во скенирана форма.